РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Извештај за развојот на пазарот на електронски комуникации во вториот квартал од 2013 година

Содржина:

1. Вовед 5
1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во вториот квартал од 2013 година 7
2. Фиксна телефонија 9
2.1 Вкупен број на фиксни линии 12
2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици 13
2.3 Вкупен обем на телефонски сообраќај (минути) со услугите избор и предизбор на оператор. 13
2.4 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација. 13
3. Мобилна телефонија 19
3.1 Број на активни претплатници 20
3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали 22
3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник 23
3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај 24
3.5 Испратени СМС и ММС пораки 27
4. Пристап до интернет 29
5. Пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници 34
6. Изнајмени линии 37
8. Преносливост на броеви 38
9. Нотифицирани оператори/ даватели на услуги 39

Содржина: Графикони и табели

Графикон 1 Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 30.06.2013 година) 6
Графикон 2 Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали 14
Графикон 3 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии (состојба на 30.06.2013 година) 15
Графикон 4 Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницирани од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во вториот квартал од 2013 година 16
Графикон 5 Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницирани од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во вториот квартал од 2013 година. 17
Графикон 6 Удел на оператори/даватели на услуги во приходи од обезбедување на пристап до мрежа на фиксна локација и јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за вториот квартал 2013 година 18
Графикон 7 Број на активни претплатници по квартали во 2012 и 2013 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100 21
Графикон 8 Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во вториот квартал од 2013 година 21
Графикон 9 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2012 и 2013 година 22

Графикон 10 Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2012 и 2013 година 23
Графикон 11 Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницира од јавни мобилни мрежи по квартали во 2012 и 2013 година 24
Графикон 12 Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 30.06.2013 година) 25
Графикон 13 Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницира од јавна мобилна комуникациска мрежа во вториот квартал од 2013 година. 25
Графикон 14 Просечен број на повици (месечно) по претплатник иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа во вториот квартал од 2013 година 26
Графикон 15 Удел во однос на вкупниот број на испратени СМС пораки во вториот квартал од 2013 година 27
Графикон 16 Удел во однос на вкупниот број на испратени ММС пораки во вториот квартал од 2013 година 27
Графикон 17 Удел на бројот на претплатници на пристап до интернет по технологии во вториот квартал од 2013 година 33
Графикон 18 Пренос на ТВ содржини до крајни корисници состојба во вториот квартал од 2013 година 36
Графикон 19 Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во вториот квартал од 2013 година 36
Графикон 20 Број на пренесени броеви (фиксни и мобилни) во периодот од 31.12.2009 до 30.06.2013 година 38

Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти 5
Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во вториот квартал од 2013 година 7
Табела 3 Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација 10
Табела 4 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (30.06.2013 година) 15
Табела 5 Просечно времетраење на иницира разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2013 и 2012 година 17
Табела 6 Индикатори- мобилна телефонија 19
Табела 7 Просечно времетраење на единечен повик по претплатник (во минути) поединечно по оператор 26
Табела 8 Индикатор- Големопродажба 28
Табела 9 Индикатори- Пристап до интернет со тесен опсег и широк опсег 31
Табела 10 Индикатори – Претплатнички линии за пристап до Интернет со широк опсег и говорни услуги 33
Табела 11 Индикатори- пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници 35
Табела 12 Индикатори- изнајмени линии 37

Извештајот е од информативна природа. Истиот се базира на редовно собрани информации и финансиски податоци доставени до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на секои три месеци во форма на квартални извештаи за обезбедување на релевантни услуги согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за анализа на пазар донесено од Комисијата како орган на ден 29.12.2009 година и Упатството за изменување на Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за анализа на пазар донесено од Директорот на АЕК на ден 16.06.2011 година. Во извештајот се презентирани показатели кои се однесуваат исклучиво на состојбата на пазарот во наведеното тромесечје. АЕК не превзема одговорност за квалитетот на извештајот со податоци кои ги добива од операторите/давателите на услуги. Во некои случаи АЕК не може да ги утврди неправилностите во извештаите/ податоците се додека не направи споредба на повеќе последователни тромесечја. Врз основа на тоа, АЕК напоменува дека во сите табели се можни мали отстапувања од вистинитите податоци.

1. Вовед

Извештајот за развојот на пазарот на електронски комуникации е изготвен врз основа на информациите и податоците доставени од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги во форма на квартални извештаи согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за анализа на пазар 11-40/4 од 29.12.2009 година и согласно Упатството за изменување на Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за анализа на пазар донесено на 14.06.2011 година, како и други податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК).

Согласно службената евиденција на АЕК за нотифицирани и активни учесници на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во вториот квартал од 2013 година се содржани следниве податоци:

<u>Табела 1</u> Листа на услуги за нотификација на субјекти

Услуги за нотификација на субјекти		
У1	Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за национален и/или меѓународен сообраќај	
	Нотифицирани -44	**Активни – 33**
У2	Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа за национален и/или меѓународен сообраќај	
	Нотифицирани – 9	**Активни - 3**
У3	Меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај	
	Нотифицирани – 21	**Активни – 18**
У4	Услуги за пренос на податоци и тоа со: теснопојасен пристап на Интернет или широкопојасен пристап на Интернет (битска брзина ≥ 256 kbit/s)	
	Нотифицирани – 121	**Активни - 106**
У5	Услуги поврзани со радиодифузија, како што се: пренос на терестријални радио програмски сервиси, пренос на терестријални телевизиски програмски сервиси, реемитување на радио програмски сервиси, реемитување на телевизиски програмски сервиси	
	Нотифицирани – 82	**Активни - 78**
У6	Услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем, како што се изнајмени линии	
	Нотифицирани – 28	**Активни - 25**
У7	Други услуги	
	Нотифицирани – 20	**Активни - 15**



<u>Графикон 1</u> Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 30.06.2013 година)

1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во вториот квартал од 2013 година

<u>Табела 2</u> Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во вториот квартал од 2013 година

	ИНДИКАТОР	Q2 2013	Q1 2013	Промена (%)	Q2 2012	Промена (%)
1.	Вкупен број на фиксни линии (сите технологии)	401.072	404.799	-0,92%	408.335	-1,78%
2.	Број на фиксни линии според популација 100	19,47	19,65	-0,92%	19,89	-2,11%
3.	Вкупен број на активни претплатници во мобилна телефонија	2.202.702	2.226.902	-1,09%	2.210.954	-0,37%
4.	Број на активни претплатници во мобилна телефонија според популација 100	106,93	108,11	-1,09%	107,70	-0,71%
5.	Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатници преку мобилни мрежи)	324.310	321.673	0,82%	297.805	8,90%
6	Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег преку мобилни мрежи (2G/3G)*	559.541	563.505	-0,70%	372.228	50,32%
7	Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со тесен опсег преку мобилни мрежи (2G)*	232.812	264.782	-12,07%	157.532	47,79%
8	Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги	314.002	296.686	5,84%	260.518	20,53%

* Во точките 6 и 7 од табелата 2 кај вкупниот бројот на претплатници, еден од мобилните оператори во РМ ги евидентираше своите претплатници кои остварile пристап на интернет преку мобилни мрежи како претплатници кои со сигурност остварile интернет пристап преку 2G мрежа и претплатници кои со сигурност остварile интернет пристап преку 3G мрежа при што не постои можност да се издвојат претплатниците кои остварile интернет пристап преку двете мрежи во кварталот.

Во табелата 2 се дадени главните индикатори за пазарот на електронски комуникации во Република Македонија за вториот и првиот квартал во 2013 година и вториот квартал од 2012 година, како и промената изразена во проценти.

Вредноста на показателите број на активни претплатници според популација 100, дадени во табелата 2 за вториот квартали од 2012 година е пресметана врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2009 година која изнесува 2.052.722 жители додека за првиот и вториот квартал од 2013 година показателите се пресметани според проценката од 31.12.2011 година која изнесува 2.059.794 жители.

При презентирање на бројот на активни линии/бројот на претплатници од особено значење е дефиницијата на активни претплатници особено од аспект на временскиот период релевантен за дефинирање на активен претплатник кој се движи во рамки од 3 месеци до 12 месеци. Во целиот извештај податоците за бројот на активни линии/претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Дефинициите за активен претплатник на релевантна услуга се дадени во Упатството за обезбедување на информации и податоци за анализа на пазар.

2. Фиксна телефонија

Од 44 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во вториот квартал од 2013 година година 33 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за национален и/или меѓународен сообраќај, и тоа:

1. Македонски Телеком-Скопје,
2. Оне- Скопје,
3. Близу- Скопје,
4. Аикол- Штип,
5. Неотел- Скопје,
6. Инфел Нет Плус- Охрид,
7. Т-Мобиле- Скопје,
8. Актон-Скопје,
9. Пц4алл- Скопје,
10. Туше- Охрид,
11. Инсиде- Охрид,
12. Нетплус- Охрид,
13. Триокомпани- Охрид,
14. Стаелт- Прилеп,
15. Спајдер компјутери-Струга,
16. Албан Нет- Дебар,
17. Мемтел- Ресен,
18. Пејоски Шпед- Кичево,
19. Медиа Нет Компјутерс- Кочани,
20. Компјунет Инженеринг- Македонска Каменица,
21. М- Инженеринг- Штип,
22. Хидрон- Гостивар,
23. Нетплус комуникации- Скопје,
24. Дип блу плус- Прилеп,
25. Сторк Импекс- Скопје,
26. Ариста системи- Струмица,
27. Ибо конекцион- Прилеп,
28. Пегаз Прес-Скопје,
29. Истел- Скопје.
30. Нетфон- Скопје,
31. Космолине- Скопје,
32. Мол Комуникација- Скопје,
33. Хометел- Скопје.

<u>Табела 3</u> Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација

ИНДИКАТОР		Q2 2013	Q1 2013	Промена (%)	Q2 2012	Промена (%)
1.	Вкупен број на фиксни линии (сите технологии)	401.072	404.799	-0,92%	408.335	-1,78%
-резиденцијални		358.166	361.382	-0,89%	364.340	-1,69%
-деловни		42.906	43.417	-1,18%	43.995	-2,48%
2.	Поделба на фиксни линии - според технологии	401.072	404.799	-0,92%	408.335	-1,78%
2.1.	**PSTN**-линии	268.062	273.515	-1,99%	286.675	-6,49%
-резиденцијални		240.779	245.688	-2,00%	258.157	-6,73%
-деловни		27.283	27.827	-1,95%	28.518	-4,33%
2.2.	**ISDN**-линии	9.285	9.544	-2,71%	10.586	-12,29%
-резиденцијални		225	254	-11,42%	752	-70,08%
-деловни		9.060	9.290	-2,48%	9.834	-7,87%
2.2.1.	**ISDN BRA**-линии	8.917	9.182	-2,89%	10.216	-12,72%
-резиденцијални		225	254	-11,42%	752	-70,08%
-деловни		8.692	8.928	-2,64%	9.464	-8,16%
2.2.1.	**ISDN PRA**-линии	368	362	1,66%	370	-0,54%
-деловни		368	362	1,66%	370	-0,54%
2.3.	Линии преку безжични технологии	50.254	50.746	-0,97%	52.674	-4,59%
-резиденцијални		47.279	47.773	-1,03%	49.638	-4,75%
-деловни		2.975	2.973	0,07%	3.583	-16,97%
2.3.1	WiMax	16.484	16.262	1,37%	15.275	7,91%
-резиденцијални		14.408	14.190	1,54%	13.277	8,52%
-деловни		2.076	2.072	0,19%	1.998	3,90%
2.3.2	FGSM	33.465	34.187	-2,11%	37.120	-9,85%
-резиденцијални		32.612	33.329	-2,15%	36.120	-9,71%
-деловни		853	858	-0,58%	1.000	-14,70%
2.3.3	Wi-Fi	305	297	2,69%	279	9,32%
-резиденцијални		259	254	1,97%	241	7,47%
-деловни		46	43	6,98%	38	21,05%
2.4.	Линии преку кабелска мрежа	63.687	62.263	2,29%	53.196	19,72%
-резиденцијални		61.296	59.918	2,30%	51.136	19,87%
-деловни		2.391	2.345	1,96%	2.060	16,07%
2.5	FTTH	9.784	8.731	12,06%	5.204	88,01%
-резиденцијални		8.587	7.749	10,81%	4.657	84,39%
-деловни		1.197	982	21,89%	547	118,83%
3.	Вкупен број на корисници на услуга избор на оператор	/	/	/	/	/
4.	Вкупен број на корисници на услуга предизбор на оператор	23.847	26.612	-10,39%	24.766	-3,71%

ИНДИКАТОР		Q2 2013	Q1 2013	Промена (%)	Q2 2012	Промена (%)
5.	Вкупен број на повици	58.654.759	63.979.258	-8,32%	74.921.077	-21,71%
-број на повици во сопствена мрежа		36.974.258	40.848.439	-9,48%	47.970.440	-22,92%
-број на повици кон други фиксни мрежи во РМ		13.461.385	14.687.934	-8,35%	16.730.512	-19,54%
-број на повици кон мобилни мрежи во РМ		6.882.828	7.106.031	-3,14%	8.665.644	-20,57%
-број на повици кон мрежи во странски држави		1.336.288	1.336.854	-0,04%	1.554.481	-14,04%
6.	Вкупен обем на телефонски сообраќај (во минути)	142.065.676	155.104.801	-8,41%	170.800.156	-16,82%
-Вкупен сообраќај во сопствена мрежа		90.685.232	99.584.431	-8,94%	109.141.118	-16,91%
-Вкупен сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ		37.427.033	41.149.884	-9,05%	44.796.516	-16,45%
-Вкупен сообраќај кон мобилни мрежи во РМ		9.894.026	10.100.910	-2,05%	11.915.266	-16,96%
-Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави		4.059.385	4.269.576	-4,92%	4.947.256	-17,95%
7	Вкупен обем на сообраќај со услугата избор и предизбор на оператор	6.849.550	7.788.968	-12,06%	8.209.206	-16,56%
8	Вкупен обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација (во минути) (локално,регионално и национално завршување на повик (без завршување на повици кои потекнуваат од странски мрежи а транзитираат низ мрежи во РМ))	74.539.950	75.127.724	-0,78%	78.337.300	-4,85%
9	Вкупен обем на телефонски сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација (во минути) единечен и двоен транзит (без транзит на сообраќај кој потекнува од странски мрежи)	5.749.682	6.426.991	-10,54%	6.003.699	-4,23%

2.1 Вкупен број на фиксни линии

Вкупниот број на фиксни линии претставени во табелата 3 се дадени по технологии и број на фиксни линии по вид на претплатници. Во Република Македонија процесот на конвергирање на аналогните линии во дигитални е одамна завршен. Имено, Република Македонија има целосно дигитална мрежа од 2005 година. Во табела 3 е прикажана состојбата на пазарот на фиксна телефонија според број на фиксни линии (технологии и видови на претплатници) и реализиран телефонски сообраќај во број на повици и минути.

Од точка бр.1 од табелата може да се забележи дека на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација бројот на фиксни линии (сите технологии) во вториот квартал од 2013 година е намален за 0,92% во споредба со првиот квартал од 2013 година додека пак споредено со вториот квартал од 2012 година бројот е намален за 1,78%.

Доколку се разгледуваат линиите по технологии кај бројот на PSTN-линии може да се забележи дека вкупниот број опаѓа за 1,99% во однос на првиот квартал од 2013 година додека во однос на вториот квартал од претходната година ова опаѓање изнесува 6,49%.

Бројот на ISDN-линии забележува опаѓање во однос на претходниот квартал од 2,71%, додека во однос на вториот квартал од претходната година ова опаѓање изнесува 12,29%.

Алтернативните оператори кои почнаа да обезбедуваат пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни телефонски услуги на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници доведоа до значително зголемување на бројот на линии преку безжични технологии и преку кабелски мрежи.

Како што може да се забележи од табелата бројот на линии преку безжични технологии во вториот квартал од 2013 година изнесува 50.254 односно може да се забележи пад од 0,97% во однос на претходниот квартал и пад од 4,59% во однос на вториот квартал од 2012 година.

Голем раст во однос на истиот квартал од претходната година може да се забележи кај бројот на линии преку кабелски мрежи кој изнесува 19,72% односно од 53.196 линии во вториот квартал од 2012 година до 63.687 линии во вториот квартал од 2013 година.

Четри оператори обезбедуваат пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација преку кабелските мрежи за дистрибуција на радио- телевизиски програми. Голем дел од кабелските оператори ја изнајмуваат својата мрежа на нотифицираните оператори кои се активни на пазарот на фиксна телефонија и ја обезбедуваат услугата на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Така на операторот Неотел неколку кабелски оператори кои дејствуваат на определени подрачја во Република Македонија му ја изнајмуваат својата мрежа како на пример: Кабел Нет- Прилеп, Канал 16- Ресен, Г-КТВ-Струга, Спајдер- Гевгелија, Винсат- Виница, То-ми- Радовиш, Пирамида- Делчево, Вива Нет-Берово, Инел Техник- Кавадарци и други.

Како што може да се забележи од табелата во вториот квартал од 2013 година бројот на линии преку оптичка мрежа (FTTH) кој изнесува 9.784 и може да се забележи раст од 88,01% за период од една година

Т-Мобиле им понуди на своите претплатници пакети кои содржат пристап до мрежа на фиксна локација и јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација. Пристапот до мрежа на фиксна локација Т-Мобиле го нуди користејќи ја услугата предизбор на оператор. Бројот на претплатници кои ја користат услугата предизбор на оператор од сите алтернативни оператори во РМ изнесува 23.847 во вториот квартал од 2013 година.

2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици

Во точка бр.6 од табелата е даден вкупниот појдовен сообраќај во минути на пазарот на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација. Имено, и покрај тоа што на пазарот понудата се зголемува односно работат повеќе оператори кои нудат различни услуги до крајните корисници целокупниот обем на сообраќај во вториот квартал од 2013 година во однос на истиот од претходната година бележи опаѓање за 17,27%, додека во однос на првиот квартал од 2013 година бележи опаѓање од 8,90%. Истото се забележува и во однос на вкупниот број на појдовни повици, тој параметар во однос на вториот квартал од 2012 година е намален за 21,71%, додека во однос на првиот квартал од 2013 година бројот на повици е намален за 8,32%.

2.3 Вкупен обем на телефонски сообраќај (минути) со услугите избор и предизбор на оператор.

Во точка бр.7 од табелата е даден вкупниот обем на сообраќај со услугата избор на оператор и предизбор на оператор кој изнесува 6.849.550 минути односно во однос на претходниот квартал се забележува пад на сообраќајот од 12,06% додека во однос на вториот квартал од 2012 година има намалување од 16,56%.

2.4 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација.

Во точка бр.8 од табелата е даден вкупниот обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација кој во вториот квартал од 2013 година изнесува 74.539.950 минути, односно забележува пад од 0,78% во однос на претходниот квартал и пад од 4,85% во однос на вториот квартал од 2012 година. Во точка бр.9 од табелата е даден сообраќајот кој што транзитира низ мрежи на фиксна локација (единечен и двоен транзит) во вториот квартал од 2013 година изнесува 5.749.682 минути и во однос на претходниот квартал бележи пад од 10,54% додека во однос на вториот квартал од 2012 година пад од 4,23%



<u>Графикон 2</u> Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали

Во графиконот бр.2 се прикажани бројот на фиксни линии и промена на индикатор број на фиксни линии според популација 100 на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација во вториот, третиот и четвртиот квартал од 2012 година и првиот и вториот квартал од 2013 година, Воочливо е дека бројот на фиксни линии според популација 100 во погоре прикажаните пет квартали континуирано се намалува од вториот квартал од 2012 година кога изнесува 19,89% до истиот квартал од наредната година кога вредноста опаѓа до 19,47%.

Вредноста на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 во вториот и третиот квартал од 2012 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2009 година која изнесува 2.052.722 жители додека за останатите периоди е пресметан според проценката од 31.12.2011 година која изнесува 2.059.794 жители.

Бр.	ОПЕРАТОР	Q2 2013	Q1 2013	Разлика (%)	Q2 2012	Разлика (%)
1	Македонски Телеком	63,74%	64,56%	-0,82%	67,29%	-3,55%
2	ОНЕ	15,93%	15,72%	0,21%	15,59%	0,34%
3	Неотел	4,11%	4,02%	0,09%	3,74%	0,37%
4	Аикол	5,39%	5,16%	0,23%	4,52%	0,87%
5	Близу	9,49%	9,25%	0,24%	7,75%	1,74%
6	Инфел Нет Плус	1,07%	1,05%	0,02%	0,82%	0,25%
7	Т-Мобиле	0,27%	0,25%	0,02%	0,28%	-0,01%
8	ГИВ Иван	0,01%	/	/	/	/
		Q2 2013	Q1 2013	Промена (%)	Q2 2012	Промена (%)
СМП оператор		63,74%	64,56%	+/-0,82%	67,29%	+/-3,55%
Алтернативни оператори		36,26%	35,44%		32,71%	

<u>Табела 4</u> Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (30.06.2013 година)

Во табелата 4 е прикажан уделот на алтернативните оператори/даватели на услуги според фиксни линии. Почнувајќи од вториот квартал во 2008 година на пазарот влегуваат најголем дел од алтернативните оператори/даватели на услуги кои со текот на времето го зголемуваат своето учество (според приходи и сообраќај) на пазарот на фиксна телефонија, што не е исклучок и за 2013 година. Во вториот квартал од 2013 година уделот на алтернативните оператори/даватели на услуги според број на фиксни линии изнесува 36,26% што во однос на претходниот квартал преставува раст за 0,82 процентуални поени.



<u>Графикон 3</u> Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии (состојба на 30.06.2013 година)

Во Графиконот бр. 3 е даден уделот на операторите/даватели на услуги според фиксни линии во вториот квартал од 2013 година. Во вкупниот број на фиксни линии учеството

на Македонски Телеком (СМП Операторот) е 63,74%, додека од алтернативните оператори/ даватели на услуги најголемо учество има ОНЕ Оператор со 15,93%, понатаму следуваат: Близу (9,49%), Аикол (5,39%), Неотел (4,11%), Инфел Нет Плус (1,07%), Т-Мобиле (0,27%) и ГИВ Иван (0,01%).

<u>Графикон 4</u> Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во вториот квартал од 2013 година

Како што може да се забележи од Графикон 4 од просечниот број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницран од јавни телефонски мрежи на фиксна локација во вториот квартал од 2013 година, претплатниците просечно иницираат 48,75 повици. Најголем дел се остварува во сопствена мрежа и тој број изнесува 30,73 повици или изразено во проценти 63,04%. Бројот на повици кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 11,19 односно 22,95% од вкупниот број на повици што просечно го остварува преплатникот во месецот. Додека пак бројот на повици кон мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 5,72 (11,73%) односно 1,11 повици (2,28%).



<u>Графикон 5</u> Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во вториот квартал од 2013 година.

Како што може да се забележи од Графикон 5 од просечниот обем на сообраќај иницран од јавни телефонски мрежи на фиксна локација месечно по претплатник (изразено во минути) во вториот квартал од 2013 година претплатниците просечно зборуваат 118,07 минути. Најголем дел се остварува во сопствена мрежа и изнесува 75,37 минути или изразено во проценти 63,83%. Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 31,11 минути односно 26,34% од вкупниот сообраќај што просечно го остварува преплатникот во месецот. Додека пак сообраќајот кон мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 8,22 минути (6,96%) односно 3,37 минути (2,86%).

Бр.	ОПЕРАТОР	Q2 2013	Q1 2013	Промена (%)	Q2 2012	Промена (%)
1	Македонски Телеком	138	137	0,73%	129	6,98%
2	ОНЕ	171	174	-1,72%	167	2,40%
3	Неотел	125	130	-3,85%	122	2,46%
4	Аикол	171	174	-1,72%	163	4,91%
5	Близу	173	175	-1,14%	158	9,49%
6	Инфел Нет Плус	209	203	2,96%	235	-11,06%
7	Т-Мобиле	172	171	0,58%	158	8,86%
8	ГИВ Иван	108	/	/	/	/

<u>Табела 5</u> Просечно времетраење на иницран разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2013 и 2012 година

Во табела 5 е дадено просечното времетраење на иницран разговор по претплатник на сите оператори кои обезбедуваат јавно достапни телефонски услуги на фиксни локации за првиот и вториот квартал од 2013 година и вториот квартал од 2012 година, како и промената во проценти (%).

Истиот е пресметан врз основа на обемот на сообраќај од иницирани повици (во минути) поделен со бројот на повици кај релевантниот оператор. Како што може да се забележи од табелата во вториот квартал од 2013 година кај просечното времетраење на иницран разговор по претплатник во однос на претходниот квартал најголем раст се забележува кај Инфел Нет Плус (2,96%) додека најголем пад се забележува кај ОНЕ (3,85%). При споредување со вториот квартал од 2012 година најголем раст на просечното времетраење на иницран разговор по претплатник има Близу од 9,49% додека пад прикажува единствено Инфел Нет Плус од 11,06%.



<u>Графикон 6</u> Удел на оператори/даватели на услуги во приходи од обезбедување на пристап до мрежа на фиксна локација и јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за вториот квартал 2013 година

Во графиконот бр. 6 е даден уделот на операторите/давателите на услуги во приходи од обезбедување на услуги за пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и локални / национални и меѓународни телефонски услуги на фиксна локација, односно во овие приходи се вклучени приходите од: почетно приклучување, месечниот надомест, реализираниот телефонски сообраќај и останати приходи (приходи од привремено исклучување, повторно вклучување, приходи од обезбедување дополнителни услуги поврзани со услугата пристап, дополнителни телекомуникациски инсталации и уреди, пренесени броеви, јавни говорници и друго). Како што може да се забележи од графиконот најголем удел има Македонски Телеком од 72,64%, потоа следува ОНЕ Оператор со 14,01%, , Неотел со 5,21%, Аикол со 4,60%, Близу 2,28%, Инфел Нет Плус 0,67%, Т-Мобиле 0,08% и ГИВ Иван 0,01%.

3. Мобилна телефонија

Од 8 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во вториот квартал од 2013 година 3 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа за национален и/или меѓународен сообраќај, и тоа:

1. Т-Мобиле Скопје,
2. ОНЕ-Оператор Скопје
3. ВИП Оператор Скопје.

<u>Табела 6</u> Индикатори- мобилна телефонија

Бр	ИНДИКАТОР	Q2 2013	Q1 2013	Промена (%)	Q2 2012	Промена (%)
1.	Број на активни претплатници во мобилна телефонија	2.202.702	2.226.902	-1,09%	2.210.954	-0,37%
-резиденцијални при-пеид претплатници		1.331.417	1.367.986	-2,67%	1.381.207	-3,60%
-резиденцијални пост-пеид претплатници		606.243	595.572	1,79%	566.893	6,94%
-деловни пост-пеид претплатници		265.042	263.344	0,64%	262.854	0,83%
2.	Број на испратени SMS пораки	100.883.278	116.357.512	-13,30%	108.741.839	-7,23%
3.	Број на испратени MMS пораки	236.548	242.239	-2,35%	222.374	6,37%
4.	Вкупен реализиран сообраќај (минути)	1.160.865.092	1.094.709.716	6,04%	984.097.821	17,96%
-Вкупен сообраќај во сопствена мобилна комуникациска мрежа		974.362.000	931.493.381	4,60%	850.869.428	14,51%
-Вкупен сообраќај кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ		156.840.952	136.450.693	14,94%	111.573.593	40,57%
-Вкупен сообраќај кон фиксни комуникациски мрежи во РМ		22.832.037	20.696.586	10,32%	14.959.128	52,63%
-Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави		6.830.103	6.069.056	12,54%	6.695.672	2,01%
5.	Вкупен број на повици во мобилни комуникациски мрежи	653.263.378	607.452.099	7,54%	588.823.860	10,94%
-Вкупен број на повици во сопствена мобилна комуникациска мрежа		524.102.051	495.238.918	5,83%	484.794.644	8,11%
-Вкупен број на повици кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ		112.119.888	96.605.536	16,06%	89.267.795	25,60%
-Вкупен број на повици кон фиксни комуникациски мрежи во РМ		13.184.252	12.226.186	7,84%	10.764.506	22,48%
-Вкупен број на повици кон мрежи во странски држави		3.857.187	3.381.459	14,07%	3.996.915	-3,50%

Во Табела бр.6 се дадени индикатори од пазарот на мобилна телефонија - Малопродажба каде податоците се дадени за вториот и првиот квартал од 2013 и промената во % и вториот квартал од 2012 година и промената во %. Од неа се согледува процентуалниот пад од 1,09%

на бројот на активни претплатници во мобилната телефонија во вториот квартал од 2013 во однос на претходниот квартал и падот од 0,37% во однос на истиот квартал од претходната година. Воочливо е дека поголемиот дел од резиденцијалните претплатници користат при-пеид услуги наспроти користењето на пост-пеид услугите. Бројот на пост-пеид претплатници се зголемува и тоа резиденцијалните пост-пеид претплатници бележат раст од 1,79% од претходниот квартал додека во однос на истиот квартал од претходната година се забележува раст од 6,94%, деловните бележат раст од 0,64% во однос на претходниот квартал додека во однос на вториот квартал од 2012 година се забележува раст од 0,83%.
Од табелата може да се забележи намалување на бројот на испратени СМС пораки во однос на претходниот квартал кое изнесува 13,30% додека во однос на вториот квартал од 2012 година исто така има намалување од 7,23%. Кај вкупниот број на испратени ММС пораки во вториот квартал од 2013 година има пад од 2,35% во однос на претходниот квартал и раст од 6,37% споредено со вториот квартал од 2012 година.
Кај вкупно реализираниот сообраќај во минути има зголемување од 6,04% во однос на минатиот квартал и забележителен раст од 17,96% во однос на вториот квартал од 2012 година. Од вкупно реализираниот сообраќај во вториот квартал од 2013 година може да се забележи раст во однос на претходниот квартал на сообраќајот кон сите дестинации а најмногу кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ од 14,94%. Споредено со вториот квартал од 2012 година се забележува раст кај сообраќајот кон сите дестинации а најголем раст зе забележува кај сообраќајот кон фиксни комуникациски мрежи во РМ од 52,63% и кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ од 40,57%.
Кај вкупниот број на реализирани повици во мобилни комуникациски мрежи може да се забележи раст од 7,54% во однос на претходниот квартал и раст од 10,94% во однос на вториот квартал од 2012 година. Кај бројот на повици поделен по дестинации исто така може да се забележи раст како во однос на претходниот квартал така и во однос на вториот квартал од 2012 година.

3.1 Број на активни претплатници



<u>Графикон 7</u> Број на активни претплатници по квартали во 2012 и 2013 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100

Во графиконот бр.7 е претставен бројот на активни претплатници во мобилна телефонија и бројот на активни претплатници според популација 100 во вториот, третиот и четвртиот квартал од 2012 година и првиот и вториот квартал од 2013 година, Вредноста на индикаторот бројот на активни претплатници според популација 100 во вториот и третиот квартал од 2012 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2009 година која изнесува 2.052.722 жители додека за четвртиот квартал од 2012 година и првиот и вториот квартал од 2013 година индикаторот е пресметан според проценката од 31.12.2011 година која изнесува 2.059.794 жители.

Воедно податоците за бројот на претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Под електронски комуникациски настан се смета повик, одговор на повик, испраќање на порака, испраќање на податоци (вклучително и GPRS) или вршење на други услуги (плаќање на месечна претплата, плаќање на ваучер за при-пеид и.т.н). На 30.06.2013 година трите оператори имаат вкупно 2.207.702 активни претплатници.



<u>Графикон 8</u> Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во вториот квартал од 2013 година

Податоците од Графиконот бр.8 за уделот на трите мобилни оператори на пазарот на мобилна телефонија по број на активни претплатници (состојба на 30.06.2013 година) покажува дека Т-Мобиле учествува со 48,53%, ОНЕ Оператор учествува со 23,33% додека ВИП Оператор учествува со 28,14% во вкупниот број на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан.

3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали



<u>Графикон 9</u> Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2012 и 2013 година

Од графиконот бр.9 може да се види учеството на трите оператори поодделно за 2012 и 2013 година. Од графиконот може да се забележи дека сите три оператори во прикажаниот период не бележат големи промени од квартал до квартал во однос на пазарниот удел. ВИП оператор за периодот од една година бележи раст од 0,98 процентуални поени исто така и ОНЕ бележи раст во истиот период од 0,41 процентуален поен додека Т-Мобиле бележи пад од 1,39 процентуални поени.

3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник

<u>Графикон 10</u> Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2012 и 2013 година

Во графиконот бр.10 е претставен соодносот на при-пеид и пост-пеид претплатниците за 2012 година и 2013 година. Од графиконот може да се забележи дека во прикажаниот период уделот на пост-пеид претплатниците се зголемил за 2,03 процентуални поени аналогно за оваа вредност е намален уделот на при-пеид претплатниците во истиот период

3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај



	2012/2 квартал	2012/3 квартал	2012/4 квартал	2013/1 квартал	2013/2 квартал
Сообраќај во сопствена мрежа	850.869,4	872.595,2	937.788,6	931.493,3	974.362,0
Сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ	111.573,5	121.962,4	134.713,0	136.450,6	156.840,9
Сообраќај кон фиксни мрежи во РМ	14.959,1	17.782,9	18.827,6	20.696,5	22.832,0
Сообраќај кон мрежи во странски држави	6.695,6	8.566,6	6.589,5	6.069,0	6.830,1

<u>Графикон 11</u> Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницран од јавни мобилни мрежи по квартали во 2012 и 2013 година

Во Графиконот бр.11 е даден обемот на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницран од јавни мобилни мрежи во 2012 и 2013 година. Од графиконот може да се забележи поголем обем на појдовен сообраќај во сопствена мрежа отколку кон други мрежи. Појдовниот сообраќај кон фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави е со значително помал обем.



<u>Графикон 12</u> Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 30.06.2013 година)

Во Графиконот бр.12 е даден уделот на реализираниот појдовен сообраќај (%) иницран од јавни мобилни мрежи во вториот квартал од 2013 година. Од графиконот може да се забележи дека најголем процент од 83,93% отпаѓа на вкупниот иницран сообраќај кој завршува во сопствена мрежа. Вкупниот појдовен сообраќај кој завршува во други мобилни мрежи во РМ учествува со 13,51% во вкупниот реализиран појдовен сообраќај. Сообраќајот кон фиксни мрежи во РМ и мрежи во странски држави учествува незначително односно со 1,97% (кон фиксни мрежи) и 0,59% (кон мрежи во странски држави) во вкупниот реализиран појдовен сообраќај.



<u>Графикон 13</u> Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницран од јавна мобилна комуникациска мрежа во вториот квартал од 2013 година.

Во графиконот бр.13 е даден просечниот обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницран од јавна мобилна комуникациска мрежа во вториот квартал од 2013 година. Како што може да се забележи од графиконот во вториот квартал од 2013 година претплатниците просечно зборуваат 175,67 минути. Најголем дел се остварува во сопствена мрежа и изнесува 147,45 минути (83,93%). Сообраќајот кон други мобилни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 23,73 минути (13,51%) додека пак сообраќајот кон фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 3,46 минути (1,97%) односно 1,03 минути (0,59%) кон мрежи во странски држави.

Бр.	ОПЕРАТОР	Q2 2013	Q1 2013	разлика %	Q2 2012	разлика %
1	Т-Мобиле	1,63	1,65	-1,21%	1,48	10,14%
2	ОНЕ	2,14	2,15	-0,47%	2,01	6,47%
3	ВИП	1,74	1,79	-2,79%	1,75	-0,57%

<u>Табела 7</u> Просечно времетраење на единечен повик по претплатник (во минути) поединечно по оператор

Во Табелата бр.7 е прикажано просечното времетраење на единечен повик по претплатник (во минути) поединечно по оператор. Споредено со претходниот квартал времетраењето на единечен повик по претплатник е намалено кај сите оператори. Споредено со вториот квартал од 2012 година зголемување прикажуваат Т-Мобиле од 10,14% и ОНЕ од 6,47% додека ВИП прикажува намалување од 0,57%.



<u>Графикон 14</u> Просечен број на повици (месечно) по претплатник иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа во вториот квартал од 2013 година

Во графиконот бр.14 е даден просечниот број на повици (месечно) иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа по претплатник во вториот квартал од 2013 година. Како што може да се забележи од графиконот во вториот квартал од 2013 година претплатниците просечно иницирале 98,86 повици месечно. Најголем дел се остварува во сопствена мрежа и

изнесува 79,31 повици (80,23%). Бројот на повици кон други мобилни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 16,97 повици (17,16%) додека пак кон фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесуваа 2,00 повици (2,02%) односно 0,58 повик (0,59%) кон мрежи во странски држави.

3.5 Испратени СМС и ММС пораки



<u>Графикон 15</u> Удел во однос на вкупниот број на испратени СМС пораки во вториот квартал од 2013 година

Од графиконот бр.15 може да е заклучи дека Т-Мобиле учествува со процент од 60,04% во вкупниот број на испратени СМС пораки во вториот квартал од 2013 година. Учеството на ОНЕ Оператор изнесува 18,19% додека ВИП Оператор учествува со 21,77%.



<u>Графикон 16</u> Удел во однос на вкупниот број на испратени ММС пораки во вториот квартал од 2013 година

Од графиконот бр.16 може да се заклучи дека Т-Мобиле учествува со 51,23% во вкупниот број на испратени ММС пораки во вториот квартал од 2013 година. Учеството на ОНЕ Оператор изнесува 26,93% додека ВИП Оператор учествува со 21,84%.

<u>Табела 8</u> Индикатор- Големопродажба

ИНДИКАТОР		Q2 2013	Q1 2013	Промена %	Q2 2012	Промена %
1	Сообраќај што завршува во јавни мобилни мрежи (во минути)	186.519.537	166.003.322	12,36%	152.012.061	22,70%
2	Број на СМС пораки што завршуваат во јавни мобилни мрежи	22.230.560	18.081.027	22,95%	19.774.563	12,42%
3	Број на ММС пораки што завршуваат во јавни мобилни мрежи	73.409	76.563	-4,12%	63.896	14,89%

Во Табела бр.8 се дадени три индикатори од пазарот на мобилна телефонија– Големопродажба каде податоците се дадени за вториот и првиот квартал од 2013 година и промената во % и податоци за вториот квартал од 2012 година и промената во %.
Во точка бр.1 е даден сообраќајот што завршува во јавни мобилни мрежи (во минути), овој индикатор бележи раст од 12,36% во однос на претходниот квартал а во однос на истиот квартал од 2012 година раст од 22,70%.
Во точка бр.2 е даден вкупниот бројот на СМС пораки што завршуваат во јавни мобилни мрежи каде што може да се забележи раст од 22,95% во однос на претходниот квартал додека во однос на вториот квартал од 2012 година се забележува раст од 12,42%.
Во точка бр.3 е даден вкупниот бројот на ММС пораки што завршуваат во јавни мобилни мрежи каде што може да се забележи пад од 4,12% во однос на првиот квартал од 2013 година додека во однос на вториот квартал од 2012 година се забележува раст од 14,89%.

4. Пристап до интернет

Од 121 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК, 106 субјекти обезбедуваа услуга за пристап до интернет во вториот квартал од 2013 година, и тоа:

1. Македонски Телеком-Скопје,
2. Неотел-Скопје,
3. Друштво за електронски дата сервиси-Скопје,
4. Сан Вајрлесс-Скопје,
5. Истел-Скопје,
6. Телесмарт Телеком-Скопје,
7. Д.Т.Ц. Корп-Скопје,
8. ВИП Оператор- Скопје,
9. Пеј плус-Скопје,
10. Близу-Скопје,
11. Ултранет ултра-Скопје,
12. Сонет-Скопје,
13. ОНЕ Оператор-Скопје,
14. Македонија он лине-Скопје,
15. Балкантел-Скопје,
16. Т-Мобиле-Скопје,
17. Роби-Штип,
18. Теленет ком-Тетово,
19. Нет кабел-Струмица,
20. Тренд А-Струмица,
21. Профи соунд-Струга,
22. Г-ктв-Струга,
23. Кабел л нет-Струга,
24. Канал 16-Ресен,
25. Ангелови груп-Ресен,
26. То ми-Радовиш,
27. Студио андес- Радовиш,
28. Кабел нет-Прилеп,
29. Инфел КТВ-Охрид,
30. Алтра сат 2000-Охрид,
31. Комбо 2003-Куманово,
32. Гајтанлес 2008-Крушево,
33. Глобал нет-Крушево,
34. Траншпед трејд-Крива Паланка,
35. Медиа поинт-Кочани,
36. Адвансд дигитал нетворк-Кичево,
37. Инел техник-Кавадарци,
38. Инел Интернационал-Кавадарци,
39. Г-он-Дебар,
40. Мултимедија нетворк-Гостивар,
41. Гив Иван-Гостивар,
42. Спајдер нет-Гевгелија,
43. Спајдер-Гевгелија,
44. Пет нет-Гевгелија,
45. Мактелко-Битола,
46. Микс нет-Битола,
47. Вива нет-Берово,
48. БИВ Пирамида-Делчево ,
49. 2МГ-Скопје,
50. Стојев Дигитал-Ес-Нет- Кавадарци,
51. Дигинет-Струмица,
52. Софтнет ЕУ-Скопје,
53. Дасто-Скопје,
54. Актон- Скопје,
55. КДС-ВТ-Пробиштип,
56. Кабел- Струмица,
57. Дигиплус нет- Демир Хисар,
58. Нетлинк- Струмица,
59. Јакуп корпоратион- Гостивар,
60. Неонет- Куманово,
61. Вин сат- Виница,
62. Егзит ком- Кичево,
63. Глобал комуникација- Радовиш,
64. Пела дигитал 2008- Струга,
65. Ман технолоци телеком- Скопје,
66. Астра плус- Кочани,
67. Фикаб- Тетово,
68. Сурффри- Ранковце,
69. Медиа нет- Скопје,
70. Сато нет- Брвеница,
71. Ултранет системи- Битола,
72. Бтв Нет-Битола,
73. Каблекалл-Кичево,
74. Кабел риз-Кочани,
75. Филаделфија 2002-Кочани,
76. К-Ристал-Струга,
77. Нет ипокс-Струга,
78. Тренд ком-Штип,
79. Мобик телекомуникации- Скопје,
80. Беко нет- Гостивар,
81. Алфа телеком Македонија- Скопје,
82. Б-КТВ- Струга,
83. Споунет-Скопје,
84. Когент Македонија- Скопје,
85. Капитол кеибл- Скопје,
86. Спејс тел нет- Скопје,
87. Инфинитинет- корпорација- Скопје,
88. Чулакнет- Битола,
89. Ри Го кабел сат-Скопје,
90. Деспот- Битола,
91. Нане нет-Радовиш,

92. Македонска радиодифузија- Скопје,
93. Пантел Интернешнл- Скопје,
94.Ди кабел- Дебар,
95. Ца ком пром- Куманово,
96. Б2 нет- Кичево,
97. Транс Балкан Скопје,
98. ИП Системс- Куманово,
99. Скрембл- Струмица,
100. КТВ Пешна- Кичево,
101. Сајбер Нет Ана- Гостивар,
102. Кам Нет- Македонска Каменица
103. Благост- Радовиш
104. Фибер Нетворкс- Скопје,
105. Ассеко- Скопје,
106.Ентер- Охрид

<u>Табела 9</u> Индикатори- Пристап до интернет со тесен опсег и широк опсег

Бр	ИНДИКАТОР	Q2 2013	Q1 2013	Промена %	Q2 2012	Промена %
1.	Број на претплатници на пристап до интернет со тесен опсег	464	542	-14,39%	886	-47,63%
-резиденцијални		23	27	-14,81%	80	-71,25%
-деловни		441	515	-14,37%	806	-45,29%
2.	Број на претплатници на пристап до интернет со тесен опсег преку мобилна мрежа (2G)*	232.812	264.782	-12,07%	157.532	47,79%
-резиденцијални		210.002	240.800	-12,79%	140.407	49,57%
-деловни		22.810	23.982	-4,89%	17.125	33,20%
3	Број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег преку мобилна мрежа (2G/3G)*	559.541	563.505	-0,70%	372.228	50,32%
-резиденцијални		465.257	466.563	-0,28%	300.720	54,71%
-деловни		94.284	96.942	-2,74%	71.508	31,85%
4.	Број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатниците преку мобилна мрежа)	324.310	321.673	0,82%	297.805	8,90%
-резиденцијални		301.072	298.755	0,78%	276.395	8,93%
-деловни		23.238	22.918	1,40%	21.410	8,54%
4.1	Број на претплатници на пристап до интернет преку јавна комуникациска мрежа xDSL	162.399	161.419	0,61%	156.115	4,03%
-резиденцијални		147.981	147.028	0,65%	141.998	4,21%
-деловни		14.418	14.391	0,19%	14.117	2,13%
4.2	Број на претплатници на пристап до интернет преку јавна CaTV мрежа	109.036	109.768	-0,67%	97.153	12,23%
-резиденцијални		105.743	106.548	-0,76%	94.292	12,14%
-деловни		3.293	3.220	2,27%	2.861	15,10%
4.3	Број на претплатници на пристап до интернет преку оптичка мрежа	10.183	9.102	11,88%	5.474	86,02%
-резиденцијални		8.675	7.827	10,83%	4.693	84,85%
-деловни		1.508	1.275	18,27%	781	93,09%
4.4	Број на претплатници на пристап до интернет преку јавна радиокомуникациска мрежа	22.858	22.723	0,59%	22.674	0,81%
-резиденцијални		20.171	20.015	0,78%	20.369	-0,97%
-деловни		2.687	2.708	-0,78%	2.305	16,57%
4.5	Број на претплатници на пристап до интернет преку изнајмени линии	704	693	1,59%	845	-16,69%
-резиденцијални		1	1	0,00%	2	-50,00%
-деловни		703	692	1,59%	843	-16,61%
4.6	Број на претплатници на пристап до интернет -LAN мрежа	19.130	17.968	6,47%	15.544	23,07%
-резиденцијални		18.501	17.336	6,72%	15.041	23,00%
-деловни		629	632	-0,47%	503	25,05%

*Во точките 2 и 3 од табелата 9 кај вкупниот бројот на претплатници, еден од мобилните оператори во РМ ги евидентираше своите претплатници кои остварile пристап на интернет преку мобилни мрежи како претплатници кои со сигурност остварile интернет пристап преку 2G мрежа и претплатници кои со сигурност остварile интернет пристап преку 3G мрежа при што не постои можност да се издвојат претплатниците кои остварile интернет пристап преку двете мрежи во кварталот.

Во табелата 9 точка бр.1 е даден бројот на активни резиденцијални и деловни претплатници на пристап до интернет со тесен опсег во вториот и првиот квартал од 2013 година и вториот квартал од 2012 година, како и промената во проценти (%). Може да се забележи дека вкупниот бројот на претплатници на пристап на интернет со тесен опсег во вториот квартал од 2013 година е опаднат за 14,39% во споредба со претходниот квартал, додека пак во споредба со вториот квартал од 2012 година бројот на претплатници е намален за 47,63%.

Во точка бр.2 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет со тесен опсег преку мобилна мрежа (2G), каде што се забележува е пад од 12,07% во однос на првиот квартал од 2013 година, додека пак во однос на вториот квартал од 2012 година се забележува раст од 47,79%.

Во точка бр.3 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет со широк опсег преку мобилна мрежа (2G/3G) каде што се забележува пад од 0,70% во однос на претходниот квартал, и раст од 50,32% во однос на вториот квартал од 2012 година.

Во точка бр.4 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатниците преку мобилни мрежи) и нивниот број изнесува 324.310 претплатници односно може да се забележи раст од 0,82% во однос на првиот квартал од 2013 година, додека споредено со вториот квартал од 2012 година бројот на активни претплатници е зголемен за 8,90%.

Во подточките од точка бр.4 се поделени активните претплатници на пристап на интернет со широк опсег по технологии. Во точка бр.4.1 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку јавна комуникациска мрежа xDSL каде што може да се забележи раст од 0,61% во однос на претходниот квартал и раст од 4,03% во однос на вториот квартал од 2012 година.

Во точка бр.4.2 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку јавна CaTV мрежа кој изнесува 109.036 претплатници односно споредбено со првиот квартал од 2013 година се забележува пад од 0,67% а во однос на истиот квартал од 2012 год раст од 12,23%. Во точка бр.4.3 се дадени бројот на претплатници на пристап на интернет преку оптичка мрежа и нивниот број изнесува 10.183 претплатници. Споредено со претходниот квартал се забележува раст од 11,88%, споредено со вториот квартал од 2012 година бројот на претплатници на пристап на интернет преку оптичка мрежа е зголемен за 86,02%.

Во точка бр.4.4 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку јавна радиокомуникациска мрежа кој изнесува 22.858 претплатници односно споредено со претходниот квартал се забележува раст од 0,59% а додека споредено со вториот квартал од 2012 година бројот на претплатници е зголемен за 0,81%. Во точка бр.4.5 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку изнајмени линии, каде се забележува раст од 1,59% споредено со првиот квартал од 2013 година и пад од 16,69% во однос на вториот квартал од 2012 година. Во точка бр.4.6 е даден бројот на претплатници на пристап до интернет преку LAN мрежи, каде се забележува раст од 6,47% во однос на претходниот квартал и раст од 23,07% во однос на вториот квартал од 2012 година.



<u>Графикон 17</u> Удел на бројот на претплатници на пристап до интернет по технологии во вториот квартал од 2013 година

Во Графиконот бр.17 е даден уделот на претплатници на пристап до интернет по технологии во вториот квартал од 2013 година, од графиконот може да се забележи дека најголем процент им припаѓа на оние претплатници кои имаат пристап до интернет преку јавна комуникациска мрежа xDSL кој изнесува 50,08%. Понатаму следуваат претплатниците кои имаат пристап до интернет преку јавна CaTV мрежа нивниот удел е 33,63%, следуваат претплатниците преку јавна радиокомуникациска мрежа (не се вклучени претплатници преку мобилни мрежи) 7,05%, LAN мрежа 5,89%, јавна оптичка мрежа 3,13% и изнајмени линии 0,22%.

<u>Табела 10</u> Индикатори – Претплатнички линии за пристап до Интернет со широк опсег и говорни услуги

ИНДИКАТОР		Q2 2013	Q1 2013	Промена %	Q2 2012	Промена %
1	Целосно разврзан пристап до локална јамка	4.289	3.169	35,34%	2.803	53,01%
2	Поделен пристап до локална јамка	0	0	0,00%	0	0,00%
3	Naked DSL	0	0	0,00%	0	0,00%
4	Битстрим ниво 4	195	180	8,33%	159	22,64%
5	Битстрим ниво 3	26.237	26.632	-1,48%	24.734	6,08%

5. Пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници

Од 82 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК за обезбедување на услуги поврзани со радиодифузија, како што се како што се: пренос на терестријални радио програмски сервиси, пренос на терестријални телевизиски програмски сервиси, реемитување на радио програмски сервиси, реемитување на телевизиски програмски сервиси 78 субјект беа активни во вториот квартал од 2013 година и тоа:

1. Близу-Скопје,
2. Систем кабел-Скопје,
3. Ри-го кабел сат-Скопје,
4. Боди нет-Скопје,
5. Тотал ТВ-Скопје,
6. ОНЕ-Скопје,
7. Македонски Телеком- Скопје,
8. Вива нет-Берово,
9. Микс нет-Битола,
10. Игмас нет-Битола,
11. Омега 2 нет-Битола,
12. Галавизион 5 компани-Битола,
13. Сато нет-Брвеница,
14. Супер кабел-Брвеница,
15. Камсат-Виница,
16. Вин сат-Виница,
17. Крателсат-Виница,
18. КТВ 69-Виница,
19. Алмак сат-Гевгелија,
20. Спајдер-Гевгелија,
21. Спајдер нет-Гевгелија,
22. ГИВ Иван-Гостивар,
23. Мултимедија нетворк-Гостивар,
24. Супер хит-Градско,
25. Г-он-Дебар,
26. БИВ Пирамида-Делчево,
27. Интерлајф-Демир Капија,
28. Омега нет-Демир Хисар,
29. Инел интернационал-Кавадарци,
30. Пешна-Кичево,
31. Б2 нет-Кичево,
32. Астра плус-Кочани,
33. Кабел риз-Кочани,
34. Филаделфија 2002-Кочани,
35. Траншпед трејд-Крива Паланка,
36. Глобал нет-Крушево,
37. Алтра сат 200-Охрид,
38. Инфел-Охрид,
39. Кабел нет-Прилеп,
40. КДС-ВТ-Пробиштип,
41. Студио андес-Радовиш,
42. То ми-Радовиш,
43. Канал 16-Ресен,
44. Кабел кам-Росоман,
45. Бамби нет-Ростуше,
46. Кабел л нет-Струга,
47. Градска ктв-Струга,
48. Арт нет-Струга,
49. Г-ктв-Струга,
50. К-ристал-Струга,
51. Профи соунд-Струга,
52. Кабел нет-Струмица,
53. ТРД Кабел-Струмица,
54. Скрембл-Струмица,
55. Теленет ком-Тетово,
56. Роби-Штип,
57. Пела Дигитал 2008- Струга,
58. Кабел ТВ ХДВ-Скопје,
59. Диги Плус Милтимедиа- Скопје,
60. Тринг макс-Скопје,
61. Инел техник- Кавадарци,
62. Беко нет- Гостивар,
63. Спејс тел нет- Скопје,
64. Херби Нет Еден- Куманово,
65. Мултимедиа-Нет-Скопје
66. БТВ Нет-Битола,
67. Кабелкалл- Кичево,
68. Скупи кабле-Скопје,
69. Комбо 2003- Куманово
70. ИП Системс- Куманово
71. Сајбер Нет Ана- Гостивар
72. Кам Нет- Македонска Каменица
73. Фибер Нетворкс- Скопје,
74. Империја Сат- Велес,
75. Ас-сат- Гостивар,
76. Иптв-нет- Скопје,
77. Интерцабле- Скопје
78. Пет Нет- Гевгелија

<u>Табела 11</u> Индикатори- пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници

	ИНДИКАТОР	Q2 2013	Q1 2013	Промена (%)	Q2 2012	Промена (%)
1.	Број на претплатници на кабелска телевизија	166.153	175.925	-5,55%	169.831	-2,17%
2.	Број на претплатници на IPTV	80.723	71.718	12,56%	51.166	57,77%
3	Број на претплатници на DVB-T	55.042	37.886	45,28%	38.360	43,49%
4	Број на претплатници на сателитска телевизија*	12.084	11.157	8,31%	/	/
5	Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги	314.002	296.686	5,84%	/	/

Во табела бр.11 е даден вкупниот број на активни претплатници на ТВ-Услуги во вториот и првиот квартал од 2013 год и вториот квартал од 2012 година, како и промената во проценти (%). Од табелата може да се забележи дека бројот на активни претплатници на кабелска телевизија во вториот квартал од 2013 година е намален за 5,55% во однос на претходниот квартал.

Во точка бр.2 е даден бројот на активни претплатници на IPTV кој во вториот квартал од 2013 година забележува раст од 12,56% во однос на претходниот квартал додека во споредба со истиот квартал од претходната година бележи раст од 57,77%.

Во точка бр.3 е даден бројот на претплатници на DVB-T. Со доделувањето на одобрение за користење на радиофреквенции во Јуни 2009 година на ОНЕ Оператор АД- Скопје (подоцна пренесено на Диги Плус Мултимедија- Скопје) почна со обезбедување на услугата дигитална телевизија преку терестријален предавател (DVB-T) во Ноември 2009 година. Бројот на претплатници кои ја користат услугата DVB-T изнесува 55.042 претплатници споредено со минатиот квартал може да се забележи раст од 45,28% додека споредено со вториот квартал од 2012 година бројот на претплатници е зголемен за 43,49%.

Во точка бр.5 е даден вкупниот број на претплатници на ТВ-Услуги, нивниот број во вториот квартал од 2013 година изнесува 314.002 или споредено со претходниот квартал бројот на претплатници е зголемен за 5,84%.

*Бројот на претплатници на сателитска телевизија е неспоредлив со претходната година поради неправилното рапортирање на податоците на еден од операторите.



<u>Графикон 18</u> Пренос на ТВ содржини до крајни корисници состојба во вториот квартал од 2013 година

Во графиконот бр.18 е даден уделот во (%) на претплатници на ТВ-Услуги поделени по технологии за вториот квартал од 2013 година. Уделот на претплатниците на кабелска телевизија изнесува 52,91%, претплатниците на IPTV имаат удел од 25,71% додека уделот на претплатници на DVB-T и сателитска телевизија изнесува 17,53% односно 3,85%.



<u>Графикон 19</u> Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во вториот квартал од 2013 година

6. Изнајмени линии

Од 28 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во вториот квартал од 2013 година година 25 субјекти обезбедуваа услуги на давање на јавна електронска комуникациска мрежа под наем, како што се изнајмени линии и тоа:

1. Македонски Телеком- Скопје,
2. Неотел-Скопје,
3. Балкантел-Скопје,
4. ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје,
5. Телесмарт Телеком-Скопје,
6. Мепсо-Скопје,
7. ОНЕ-Скопје,
8. ЈП Македонска Радиодифузија-Скопје,
9. Актон-Скопје,
10. Близу- Скопје,
11. Дасто- Скопје,
12. Софтнет ЕУ- Скопје,
13. Пегаз Прес Кеибл- Скопје
14. Космолине- Скопје,
15. Итв нет-Скопје,
16. Вива нет-Берово,
17. Фикаб- Третово,
18. Транс Балкан Телеком- Скопје
19. Гив- Гостивар,
20. Нетфон- Скопје,
21. Пантел Интернешнл- Скопје
22. Ман Технолоци- Скопје,
23. Нет Кабел- Струмица,
24. Телекс- Скопје
25. Мол Комуникации- Скопје

Табела 12 Индикатори- изнајмени линии

ИНДИКАТОР		Q2 2013	Q1 2013	Промена %	Q2 2012	Промена %
1	Вкупен број на инсталирани изнајмени линии (малопродажба)	687	705	-2,55%	686	0,15%
-аналогни		278	288	-3,47%	311	-10,61%
-дигитални		409	417	-1,92%	375	9,07%

Во табела бр.12 е даден бројот на инсталирани изнајмени линии: аналогни и дигитални (малопродажба). Вкупниот број на инсталирани изнајмени линии во вториот квартал од 2013 година изнесува 687 при што може да се забележи пад од 2,55% во однос на претходниот квартал, а додека во однос на вториот квартал од 2012 година се забележува раст од 0,15%. Доколку ги разгледаме поединечно аналогните изнајмени линии од вториот квартал од 2013 година ќе забележиме дека тие бележат пад во однос на претходниот квартал од 3,47%, дигиталните пак бележат пад од 1,92%. Во однос на вториот квартал од 2012, аналогните изнајмени линии бележат пад од 10,61%, а дигиталните изнајмени линии бележат раст од 9,07%

8. Преносливост на броеви

Со цел да се поттикне процесот на создавање на конкурентен пазар во областа на електронските комуникации од 1 Септември 2008 година се овозможи географска преносливост и преносливост на број при промена на оператор на јавна комуникациска мрежа т.е. право на претплатникот да го задржи постојниот број при промена на мрежна завршна точка во исто географско нумерациско подрачје и/или промена на операторот на јавна комуникациска мрежа. Во графиконот бр.20 е даден бројот на претплатници кои го искористиле правото за задржување на постојниот број во периодот од 31.12.2009 до 30.06.2013 година.



<u>Графикон 20</u> Број на пренесени броеви (фиксни и мобилни) во периодот од 31.12.2009 до 30.06.2013 година

9. Нотифицирани оператори/ даватели на услуги

Нотифицирани оператори/ даватели на услуги врз основа на чии податоци е изготвен овој извештај:

Македонски Телеком-Скопје, Близу- Скопје, Аикол- Штип, Неотел- Скопје, Инфел Нет Плус-Охрид, Анутел- Скопје, Т-Мобиле- Скопје, Актон-Скопје, Зоринс Нет- Скопје, Ултранет Ултра-Скопје, Никомсистемс- Скопје, Пц4алл- Скопје, Туше- Охрид, Инсиде- Охрид, Нетплус- Охрид, Трикомпани- Охрид, Интерспејс- Прилеп, Стаелт- Прилеп, Мергимтари- Струга, Спајдер компјутери-Струга, Албан Нет- Дебар, Мемтел- Ресен, Пејоски Шпед- Кичево, Медиа Нет Компјутерс- Кочани, Компјутер Инженеринг- Македонска Каменица, М- Инженеринг- Штип, Тастер- Битола и Хидрон- Гостивар.Друштво за електронски дата сервиси-Скопје, Аниц системи-Скопје, Истел-Скопје, Телесмарт-Скопје, Телесмарт Телеком-Скопје, Д.Т.Ц. Корп-Скопје, ВИП Оператор- Скопје, Ултра-Скопје, Пеј плус-Скопје, Софт нет-Скопје, Близу-Скопје, Сонет-Скопје, ОНЕ Оператор-Скопје, Македонија он лине-Скопје, Балкантел-Скопје, Итв нет-Скопје, Роби-Штип, Нетком-Струмица, Тренд А-Струмица, Вип нет-Струга, Канал 16-Ресен, Ангелови груп-Ресен, То ми-Радовиш, Студио андес- Радовиш, Кабел нет-Прилеп, Инфел КТВ-Охрид, Алтра сат 2000-Охрид, Комбо 2003-Куманово, Гајтанлес 2008-Крушево, Глобал нет-Крушево, Траншпед трејд-Крива Паланка, Еуростил-Крива Паланка, Медиа поинт-Кочани, Адвансд дигитал нетворк-Кичево, Инел техник-Кавадарци, Инел Интернационал-Кавадарци, Спајдер нет-Гевгелија, Спајдер-Гевгелија, Пет нет-Гевгелија, Мактелко-Битола, Микс нет-Битола, ГИВ-Делчево, 2МГ-Скопје, Стојев Дигитал-Ес-Нет 2- Кавадарци, Дигинет-Струмица, Софтнет ЕУ-Скопје, Дасто-Скопје, Вортекс компјутери- Скопје, КДС-ВТ-Пробиштип, ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје, ЈП Македонска Радиодифузија- Скопје, Мепсо- Скопје, Империјал С-Скопје, Систем кабел-Скопје, Ри-го кабел сат-Скопје, Боди нет-Скопје, Тотал ТВ-Скопје, Вива нет-Берово, Игмас нет-Битола, Омега 2 нет-Битола, Галавизион 5 компани-Битола, Сато нет-Брвеница, Супер кабел-Брвеница, Камсат-Виница, Вин сат-Виница, Крателсат-Виница, КТВ 69-Виница, Алмак сат-Гевгелија, ГИВ Иван-Гостивар, Мултимедија нетворк-Гостивар, Супер хит-Градско, Г-он-Дебар, Интерлајф-Демир Капија, Омега нет-Демир Хисар, Пешна-Кичево, Б2 нет-Кичево, Астра плус-Кочани, Кабел риз-Кочани, Филаделфија 2002-Кочани, Глобал нет-Крушево, Херби нет еден-Куманово, Кабел кам-Росоман, Бамби нет-Ростуше, Кабел л нет-Струга, Арт нет-Струга, Г-ктв-Струга, К-ристал-Струга, Профи соунд-Струга, Кабел нет-Струмица, ТРД Кабел-Струмица, Скрембл-Струмица, Теленет ком-Тетово, Пела Дигитал 2008- Струга, Кабел ТВ ХДВ-Скопје, Диги Плус Милтимедиа- Скопје. Дип блу плус- Прилеп, Ман технолоџи телеком- Скопје, Јакуп корпоратион- Гостивар, Тринг макс-Скопје, Неонет- Куманово, Нетплус комуникации- Скопје, Спејс тел нет- Скопје, Егзит ком- Кичево, Глобал комуникација- Радовиш, Ултранет системи-Битола, Пела дигитал 2008- Струга, Медиа нет- Скопје, Сурффри- Ранковци,Фикаб- Тетово, Мултимедиа нет- Скопје, Ариста системи- Струмица, Ибо конекцион- Прилеп, БТВ-Нет-Битола, Кабел Калл-Кичево, Скупи кабле-Скопје, Когент Македонија- Скопје, Споунет- Скопје, Алфа телеком Македонија- Скопје, Б-КТВ- Струга, Пегаз Прес- Скопје,Чулак Нет- Битола, Инфинити Нет Корпорација- Скопје, Нане нет- Радовиш, Деспот- Битола, Ца Ком Пром- Куманово, Нет Кабел- Струмица, Микро Конект- Скопје, ИП Системс- Куманово, Сајбер Нет Ана- Гостивар, Кам Нет-Мак. Каменица, Фибер Нетворкс- Скопје, Благост- Радовиш, Империја Сат- Чашка, Ентер- Охрид, Ассеко-Скопје, Космолине- Скопје, Нетфон- Скопје, Пантел Интернешнл- Скопје.

www.aek.mk